ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
НОВУС

АНАЛИЗА ОД СПРОВЕДЕНА АНКЕТА:

# ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ ВО СТРУМИЧКИОТ МИКРО-РЕГИОН И ПОСЛЕДИЦИТЕ ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА

**Проект:** Нова генерација на силни и гласни млади!

Агенција за млади и спорт

# Содржина:

ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО....3
ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА ....3
ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ....4
МОНИТОРИНГ И АНАЛИА НА ДОКУМЕНТИ ЗА МЛАДИ ВО СТРУМИЧКИОТ МИКРО-РЕГИОН....8
Документи за млади во општина Струмица ....8
Документи за млади во Општина Босилово....9
Документи за млади во Општина Василево ....9
Документи за млади во Општина Ново Село ....10
КЛУЧНИ НАОДИ ....11

## ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето за потребите на проектот спроведуван од Центарот за истражување и анализи НОВУС во рамки на проектот „Нова генерација на силни и гласни млади“, финансиски поддржан од Агенција за млади и спорт - имаше за цел да ја истражи моменталната состојба и преку анкетни листови да го мапира јавното мислење за да се утврдат потребите на младите во општините од Струмичкиот микро регион како и истражување на последиците врз младите предизвикани од кризата со Корона вирусот.

## ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на истражувањето, се користише анкетирање со прашалник како квантитативен метод што служи за собирање на примарни податоци. Анкетирањето се спроведува заради генерализација на собраните податоци. Имајќи предвид дека во овој случај станува збор за конкретна таргет група, природата на квантитативното истражување кое што се спроведува на млади во четири општини од Струмичкиот микро регион и тоа Струмица, Босилово, Василево и Ново Село. Притоа, во следната фаза се пристапи кон анкетирање само на испитаниците кои одговараат и кои се жители на општините од Струмичкиот микро регион. За податоците да бидат валидни се направи случаен избор на испитаници со цел да се обезбедат релевантни податоци. Истражувањето се одвиваше онлајн и на терен по претходно определени тематски целини дефинирани во самиот повик и проектната активност.

Прашалникот содржеше вкупно 19 прашања. Анкетата се спроведе на македонски јазик и анонимно, во текот на февруари – март месец 2023 г., преку поставување на истата во електронска верзија на онлајн платформите (фејсбук/твитер), веб страната на ЦИА НОВУС, со цел постигнување на што поголем одзив на испитаници. За потребите на анкетата во рамки на проектот “Нова генерација на силни и гласни млади!“ преку јавен повик беа ангажирани теренски истражувачи за спроведување на теренскиот дел на истражувањето, во период од 01.02.2023 до 05.03.2023 година. Работната задача се состоеше во извршување на анкета „лице в лице“ со помош на компјутер во урбани и рурални средини. За избраните кандидати исто така беше организирана и задолжителна

обука. Анкетирањето се вршеше преку репрезентативен примерок на популацијата на Струмичкот микро регион (Струмица, Босилово, Василево и Ново Село) каде беа спроведени вкупно 103 прашалници со цел постигнување на релевантна анализа.

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Во однос на генеричките прашања наменети за обезбедување на демографски податоци, френквентноста на застапеност на лицата во анкетата во однос на пол, возраст, местото на живеење/општина и образование е следна:

Анкетата е спроведена на 103 испитаници од кои 54,4 отсто се мажи, а 45.6 отсто се жени. Анкетата покажува застапеност на цел Струмички микро регион, со тоа што најголем број на испитаниците се од Струмица (88,3%), потоа од Василево (4,9%), Ново Село (1,9%) и Босилово(4,9%).

Анкетата покажува дека со високо образование се 32% од испитаниците, 67% се со средно образование и само 1% со основно образование.

## ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ

Од добиените резултати од анкетата генерален заклучок е дека поголем дел од анкетираните се запознаети со поимот Граѓанска организација (69.9%) наспроти (30.1%) од анкетираните кои не знаат што претставува Граѓанска организација.




Забележуваме пад на бројките во прашањето **“Дали сте запознаени со Граѓанските организации во местото во кое живеете?”** каде само (48.5%) се запознаени со ГО во местото во кое живеат, наспроти (51.5%) кои не се запознаени со ГО во местото во кое живеат. Дури (49,5%) од анкетираните млади се биле активни во ГО, наспроти (50,5%) кои не се биле активни.

(51.5%) Од анкетираните млади се биле волонтери во организација, наспроти (48.5%) кои немаат волонтирано. Спрема собраните податоци од анкетниот лист најголем проблем за младите претставува недоволното инкорпорирање на мислењета на младите во донесувањето одлуки во заедницата каде што живеат.

На прашањето “**Во која мера младите ( 15-29 ) се вклучени во донесувањето одлуки во заедницата во која живеете?”** кое се одговара со вредност од 1 до 5 каде што 1 претставува најмалку, а 5 најмногу, испитаниците одговориле:

1 – 22.3%

2 – 25.2%

3 – 38.8%

4 – 10.7%

5 – 2.9%

Од следните податоци може да утврдиме дека вкупно одговорите 4 и 5 (13,6%) имаат скоро дупло помала вредност од одговорот 1 (22,3%).

Исто така на прашањето **“Колку лесно можат младите да го искажат својот став за одредено прашање или политика?”** кое се одговара со вредност од 1 до 5 каде што 1 претставува најмалку, а 5 најмногу, испитаниците одговориле:




1 – 25.2%

2 – 22.3%

3 – 35%

4 – 10.7%

5 – 6.8%

Од овие резултати може да заклучиме дека младите генерално се осеќаат немоќни и не чуени во моментите кога се донесуват одлуки и имаат потреба од нови и полесни канали за комуникација со општините и институциите.

Исто така на прашањето "**Во која мера исклучувањето на младите од процесот на јавните политики и отсуството на слободно изразување во процесот на одлучување за младински политики ги поттикнува младите да размислуваат за напуштање на општината или државата во која живеат?"** испитаниците одговориле:




1 – 9.7%

2 – 9.7%

3 – 38.8%

4 – 24.3%

5 – 17.5%

Од одговорите може да видиме дека се повеќе млади се чуствуваат немоќно и исклучени од страна на општините и институциите и тоа доведува до миграција вон општината или вон државата.

Кога станува збор за канали за комуникација од прашањето **"Колку е лесно да дојдете во контакт со граѓанска организација во местото во кое живеете?"**




1 – 7.8%

2 – 18.4%

3 – 45.6%

4 – 18.4%

5 – 9.7%

Може да утврдиме дека поголем дел од младите сметаат дека е делумно лесно да се дојде во контакт со ГО.

На прашањето **Дали има потреба од полесно достапни канали за комуникација помеѓу младите и општината?** 76,7% од испитаниците одговориле ДА, а само 23,3% одговориле НЕ.

Дури (92.2%) одговориле ДА на прашањето "**Дали мислете дека младите треба да бидат вклучени во донесување одлуки и политики на општинско и национално ниво?"** наспроти само (7.8%) кои одговориле со НЕ.

Корона вирусот и мерките за справување со истиот влијаеле врз 63,1% од испитаниците и нивните ставови и размислувања, наспроти 36.9% кои одговориле негативно.

За време на карантинот дури 75.7% од испитаниците се запознале со нови начини на изразување на став, наспроти 24.3% кои одговориле негативно.

Глобалната криза кај 37.9% од испитаниците ѓи накарало да размислуваат за волонтирање, а 62,1% од испитаниците одговориле негативно.

Кај прашањето "**Каква потреба имате Вие како млад човек?"** кај кое испитаниците имаа простор за слободно изразување може да увидиме дека најчесто споменуван проблем е незаинтересираноста на институциите и властите за потребите на младите. Младите имаат потреба да бидат чуени од луѓето кои носат одлуки во државата и општините. Имаат потреби од нови и полесно достапни канали за комуникација. Исто така од одговорите можеме да утврдиме дека младите имаат потреба од повеќе финансиски можности.

Како проблеми во ова прашање се споменуваат и невниманието и немањето еколошка свест од страна на општините и сметаат дека во урбанизацијата на градот мора да се внимава на еколошкиот аспект.

# МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ ЗА МЛАДИ ВО СТРУМИЧКИОТ МИКРО-РЕГИОН

Центарот за истражување и анализи НОВУС во рамки на проектот исто изврши мапирање, мониторинг и анализа на сите постоечки документи од страна на општините во Струмичкиот микро-регион, Струмица, Василево, Босилово и Ново Село.

Целта на ваквото мапирање беше да се утврди фактичката состојба на младинските политики, покриеност и постоењето на стратешки документи, степенот на исполнување на истите и износот на средства предвидени за млади за 2023 година.

Резулататите од мапирањето во продолжение се прикажани низ инфографици кои беа изработени во рамки на проектот.

Според извршениот мониторинг и истражување во 4-те општини кои спаѓаат во Струмичкиот микро-регион, Струмица, Василево, Босилово и Ново Село, увидено е дека Струмица моментално е единствена општина од овие четири која ги има изработено сите документи за млади. Додека пак Општините Василево, Ново Село и Босилово имаат дел од документи или само 1 документ.

## Документи за млади во општина Струмица

Во врска со младинските политики кои ги спроведува општина Струмица, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл. Весник на РСМ бр.10/2020) Општина Струмица има донесено одлука за Основање на младински центар, којштo ќе се наоѓа во зградата на Општина Струмица и е во завршна фаза. Општина Струмица има формирано Локално собрание на млади, а во тек е јавниот повик за Предлагање на кандидати за членови на ЛСМ.




Буџетот предвиден за млади за 2023 година изнесува 8.200.000 денари.

Локалната стратегија за млади на општина Струмица е во завршна фаза, односно отпочнета е постапка за донесување од страна на Советот на општина Струмица.

## Документи за млади во Општина Босилово




Општина Босилово нема конкретно изработени документи за млади, но има донесено:

- одлука за избор на членови за Локален младински совет
- одлука за верификација на членови на локален младински совет
- деловник за работа на ЛМС

Општина Босилово нема точно определен буџет за млади предвидени за 2023 година, бидејќи немаат точно определени програми за млади, но имаат ставка во буџетот за 2023 од која би можеле да одвојат средства за потребите на младите.

Исто така општина Босилово нема изработено стратегија за млади.

## Документи за млади во Општина Василево

Општина Василево немаа постоечки документ за млади, ниту имаат документи за младински политики. Немаат изработено стратегија за млади, но имаат донесено програма за спорт и рекреација. Исто така во буџетот на општината е предвидено конкретно за спорт и рекреација 2.690.000 денари.



## Документи за млади во Општина Ново Село




Општина Ново Село немаат никакви постоечки документи за млади, ниту имаат Локална младинска стратегија, а ниту одвоен буџет за млади. Во тек е фрмирање на форум на млади во Општината.

## КЛУЧНИ НАОДИ:

- Спроведената електронска анкета е одговорена доминантно од младите со средно образование(67%) и високо образование(32%) и само (1%) со основно образование. Од ова може да заклучиме дека најзасегнати категории се младите во средно образование.
- Од анкетата може да видеме дека 88.3% од испитаниците се од општина Струмица.
- Поголем дел од младите (2/3) не се чуствуваат дел од процесот на донесување одлуки во заедницата во која живеат.
- Младите сметаат дека тешко можат да го изјаснат својот став за одредено прашање или политика.
- Повеќе од 2/3 од испитаниците се запознаени со терминот граѓански организации, но помалку од ½ од испитаниците се запознаени со ГО во својата општина.
- Повеќе од ¾ од испитаниците сметаат дека треба да постојат полесни канали за комуникација помеѓу младите и општината и институциите.
- Поголем дел од испитаниците сметаат дека исклучувањето на младите од процесот на јавните политики и отсуството на слободно изразување во процесот на одлучување за младински политики ги поттикнува младите да размислуваат за напуштање на општината или државата во која живеат.
- Кај скоро 2/3 од испитаниците Корона вирусот и мерките за справување со истиот довеле до промена во ставовите и начинот на размислување.
- 75% од испитаниците се запознале со нови начини на изразување на став за време на Короната.
- Кај помал дел од групата испитаници се јавува желба за волонтирање за време на Короната.
- Младите се чувствуваат исклучени и не чуени од страна на властите и институциите, дури 92.2% сметаат дека младите треба да бидат вклучени во донесување одлуки и политики.